# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ


| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Вторник 17 Август 2021 година Број 10/2021 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјето на ПС ОН Радовиш за првата половина од 2021 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјето на ПС ОН Радовиш за првата половина од 2021 година година, бр. 08-1117/1, што советот на општина Радовиш ј го донесе на седница одржана на 12.08. 2021 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-1117/2 | Градоначалник |
| 17 Август 2021 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на чл. 36 став 1точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.35 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 12.08. 2021 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За прифаќање на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјетона ПС ОН Радовиш за првата половина од 2021 година

I. Се прифаќа полугодишниот Извештај за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјето на ПС ОН Радовиш за втората половина од 2021 година, рег.бр. 22.26.7-1256/1 од 05.07.2021 год. наш бр. 08-1015/1 од 06.07.2021 год.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1117/1 | Совет на општина Радовиш |
| 12 Август 2021 г. | Претседател |
| Радовиш | Викица Манолева с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлука за донесување на конечен Предлог детален Урбанистички план за УБ 15 дел од УМ 1, Општина Радовиш, со плански период 2019-2024, површина на плански опфат 5,68 ха, изработен од ИН ПУМА ДООЕЛ Скопје со тхе. Бр. 45/2019 од февруари 2021

Ја прогласувам и објавувам Одлука за донесување на конечен Предлог детален Урбанистички план за УБ 15 дел од УМ 1, Општина Радовиш, со плански период 2019-

2024, површина на плански опфат 5,68 ха, изработен од ИН ПУМА ДООЕЛ Скопје со тхе. Бр. 45/2019 од февруари 2021, број 08-1118/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 12.08.2021 год.

Бр. 09-1118/2
17 Август 2021 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл.39 и чл.42 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), чл.22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), чл. 11 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Радовиш Советот на Општина Радовиш на седницата одржана на ден 12.08.2021година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за донесување на Конечен Предлог – Детален Урбанистички план за УБ 15, дел од УМ 1, Општина Радовиш, со плански период 2019-2024, површина на плански опфат 5,68 ха, изработен од "ИН-ПУМА" ДООЕЛ Скопје со тех.бр.45/2019 од февруари 2021

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Конечен Предлог – Детален Урбанистички план за УБ 15, дел од УМ 1, Општина Радовиш, со плански период 2019-2024, површина на плански опфат 5,68 ха, изработен од "ИН-ПУМА" ДООЕЛ Скопје со тех.бр.45/2019 од февруари 2021, како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа одлука.

Член 2

Одлуката за донесување на Планот се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на деталниот урбанистички план.

По спроведување на наведеното, донесениот детален урбанистички план станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој пристап имаат донесувачот на урбанистичкиот план, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

Член 3

Донесувачот на урбанистичкиот план е должен примерок од донесениот детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

Член 4

Донесениот урбанистички план ќе се применува по исполнувањето на условите во согласност со законот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Радовиш".

Бр. 08-1118/1
12 Август 2021 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за потрошена електрична енергија

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈПССО "Радовиш-2014" Радовиш за потрошена електрична енергија, бр. 08-1119/1, што советот на општина Радовиш ја

донесе на седница одржана на ден 12.08. 2021 година.

Бр. 09-1119/2 Градоначалник
17 Август 2021 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 12.08. 2021 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на ЈПССО “Радовиш-2014“ Радовиш
за електрична енергија

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ЈПССО “Радовиш-2014“ Радовиш во износ од -19.299,00 денари., со намена за потрошена електрична енергија за:
- месец 06/2021 година износ -19.299 денари;

Фактурите се составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1119/1 Совет на општина Радовиш
12 Август 2021 г. Претседател
Радовиш Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода, бр. 08-1120/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 12.08.2021 година.

Бр. 09-1120/2 Градоначалник
17 Август 2021 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 12.08. 2021 година,, донесе

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш
за исплата на ф-ри за вода

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш во износ од 19.692,оо ден., со намена за исплата на ф-ри за вода за:
- месец 06/2021 година износ -19.692,00 денари;
Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1120/1 Совет на општина Радовиш
12 Август 2021 г. Претседател
Радовиш Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за давање Согласност за
формирање на паралелки со помал број на
ученици во ООУ „Кирил и Методиј„
с.Ораовица Радовиш за учебната 2021/2022
година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Кирил и Методиј„ с.Ораовица Радовиш за учебната 2021/2022 година, бр. 08-1121/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 12.08. 2021 година,

Бр. 09-1121/2 | Градоначалник
17 Август 2021 г. | на општина Радовиш
Радовиш | Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа, член 15 точка 8 од Статутот на општина Радовиш, а согласно член 53 став 5 и 8 од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр. 161/2019). Советот на општина Радовиш на седница одржана на 12.08. 2021 година,
донесе

ОДЛУКА
за давање Согласност за формирање на
паралелки со помал број на ученици во ООУ
"Кирил и Методиј" с.Ораовица
Радовиш за учебната 2021/2022 година

Член 1

Се дава Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ "Кирил и Методиј"с.Ораовица Радовиш, на македонски јазик, за учебната 2021/2022 година и тоа:

-прво одделение 6 ученика;
-второ одд. 8 ученика;
-трето одд. 6 ученика;
-четврто одделение 6 ученика;
-петто одделение 5 ученика;
-шесто одделение 14 ученика;
-седмо одделение 8 ученика;
-осмо одделение 9 ученика;
-деветто одделение 10ученика;

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш", а ќе се применува по добиеното позитивно мислење од Министерството за образованиуе и наука, согласно член 53 став 6 и 9 од Законот за основно образование.

Бр. 08-1121/1 | Совет на општина Радовиш
12 Август 2021 г. | Претседател
Радовиш | Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за давање Согласност за
формирање на паралелки со помал број на
ученици во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш
за учебната 2021/2022 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2021/2022 година, бр. 08-1122/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 12.08. 2021 година,

Бр. 09-1122/2
17 Август 2021 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа, член 15 точка 8 од Статутот на општина Радовиш, а согласно Законот за средно образование, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 12.08. 2021 година,, донесе

ОДЛУКА
за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во 2021/2022 година

Член 1

Се дава Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ "Коста Сусинов" Радовиш, за учебната 2021/2022 година и тоа:

- I-1 со 12 ученика, македонски јазик-гимназиско образование;
- I-2 со 12 ученика, македонски јазик-гимназиско образование;
- I-3 со 10 ученика, македонски јазик-гимназиско образование;
- I-4 со 10 ученика, турски јазик -гимназиско образование;
- I-5 со 11 ученика, македонски јазик-Геолошко рударска и металуршка струка;
- I-6 со 15 ученика, македонски јазик-електро-техничка струка;
- I-7 со 10 ученика, турски јазик - електро-техничка струка;
- I-8 со 8 ученика, македонски јазик-машинска струка;

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-1122/1
12 Август 2021 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај-втор квартал од Буџетот на општина Радовиш за 2021 год.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Квартален извештај втор квартал од Буџетот на општина Радовиш за 2021 година, број 08-1123/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 12.08. 2021 година.

Бр. 09-1123/2
17 Август 2021 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.19 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на LX -та седница одржана на 12.08. 2021 година, донесе

ОДЛУКА
За усвојување на Квартален извештај-втор квартал од Буџетот на општина Радовиш за 2021 год.

I. Се усвојува Квартален извештај-втор квартал од Буџетот на општина Радовиш за 2021 година, број 05-216/10 од 19.07.2021 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-1123/1 Совет на општина
12 Август 2021 г. Радовиш
Радовиш Претседател
Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за доделување на линии за вршење на општински линиски превоз на патници во општина Радовиш релација с.Покрајчево-Радовиш и обратно

Ја прогласувам и објавувам Одлуката доделување на линии за вршење на општински линиски превоз на патници во општина Радовиш релација с. Покрајчево - Радовиш и обратно, бр.08-1124/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 12.08. 2021 година,

Бр. 09-1124/2 Градоначалник
17 Август 2021 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 точка 20 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр.5/02) и член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај (Сл.весник на РМ бр. 68/04, ------ и 163/18). Советот на општина Радовиш на седница одржана на 12.08. 2021 година, донесе

## ОДЛУКА
За доделување на линии за вршење на општински линиски превоз на патници во општина Радовиш на релација с Покрајчево -Радовиш и обратно

Член 1

Со оваа Одлука се уредува превозот на патници во градскиот и приградскиот сообраќај како стопанска дејност од јавен интерес што претставува витален услов за животот и работата на граѓаните од општина Радовиш.

Член 2

Се доделува линија за вршење на превоз на патници во градскиот и приградскиот сообраќај во општина Радовиш по распишаниот оглас број 15-988/2 од 08.07.2021 година, на подносители на понуди кои ги исполнуваат условите предвидени со Закон.

Член 3

Во општина Радовиш се доделува линијата за вршење превоз на патници на

БА-КОМ ДОО с.ЗЛЕОВО
Име на линија
с.ПОКРАЈЧЕВО - РАДОВИШ И ОБРАТНО

Член 4

Линијата во градскиот и приградскиот превоз на патнииици има свој број и име наведено во член 3 од оваа Одлука.

Името на линијата се означува со името на почетното и крајното свртувалиште.

Бројот и името на линијата се поставува на видно место во возилото.

Правните лица на кои им се доделени лините се должни да ги почитуваат одредбите од Законот за патен сообраќај ( Сл. Весник на Р Македонија 68/04, ------ и 163/18),

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен гласник на општина Радовиш.”

Бр. 08-1124/1
12 Август 2021 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 08-1124/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 12.08.2021 год.

Бр. 09-1126/2
17 Август 2021 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 12.08.2021 год.донесе

ЗАКЛУЧОК

За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на 12.08.2021 год. и тоа:

-Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарната заштита 15-та седница одржана на 06.07.2021 година;

-Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарната заштита 16-та седница одржана на 28.07.2021 година;

-Комисија за култура, образование и спорт, 36-та седница одржана на

-Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој 33-та седница одржана на ден 12.08.2021 год.;

II.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1126/1
12 Август 2021 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Викица Манолева с.р.

СОДРЖИНА :

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјето на ПС ОН Радовиш за првата половина од 2021 година -------------------------- 1
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјетона ПС ОН Радовиш за првата половина од 2021 година -------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за донесување на конечен Предлог детален Урбанистички план за УБ 15 дел од УМ 1, Општина Радовиш, со плански период 2019-2024, површина на плански опфат 5,68 ха, изработен од ИН ПУМА ДООЕЛ Скопје со тхе. Бр. 45/2019 од февруари 2021 ---------- 1
ОДЛУКА за донесување на конечен Предлог детален Урбанистички план за УБ 15 дел од УМ 1, Општина Радовиш, со плански период 2019-2024, површина на плански опфат 5,68 ха, изработен од ИН ПУМА ДООЕЛ Скопје со тхе. Бр. 45/2019 од февруари 2021 ----------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за потрошена електрична енергија ---------------- 2
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЈПССО "Радовиш-2014" Радовиш за електрична енергија --------------------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода -------------------------- 3
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода ----------------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Кирил и Методиј„ с.Ораовица Радовиш за учебната 2021/2022 година ------------------------------------------------ 4
ОДЛУКА за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ "Кирил и Методиј" с.Ораовица Радовиш за учебната 2021/2022 година ------------------------------------------------ 4
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2021/2022 година --------------------- 4
ОДЛУКА за давање Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во 2021/2022 година --------------------- 5
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај-втор квартал од Буџетот на општина Радовиш за 2021 год. ------------------- 5
ОДЛУКА За усвојување на Квартален извештај-втор квартал од Буџетот на општина Радовиш за 2021 год. ------------------- 5
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за доделување на линии за вршење на општински линиски превоз на патници во општина Радовиш релација с.Покрајчево-Радовиш и обратно --------------------------------- 6
ОДЛУКА За доделување на линии за вршење на општински линиски превоз на патници во општина Радовиш на релација с Покрајчево - Радовиш и обратно --------------------------------- 6
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш ---------------------------------------------- 7
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш ---------------------------------------------- 7